**20260250368**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54, став (1), точка 1. потточка 1.12, а во врска со член 62, став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 05 февруари 2026 година, донесе

# ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА УСЛУГИ ШТО ГИ ОБЕЗБЕДУВА ОПЕРАТОРОТ НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

(1) Со овој тарифен систем се утврдуваат тарифите за користење на пазарот на електрична енергија со билатерални договори и се уредува начинот и условите за формирање и одобрување на тарифите за пазарот на електрична енергија со билатерални договори по кои Операторот на пазарот на електрична енергија (во понатамошниот текст: ОПЕЕ) им го фактурира надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија со билатерални договори на своите корисници.

(2) Овој тарифен систем има за цел да обезбеди:

1) доверливо и сигурно функционирање на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија, во согласност со важечките прописи,

2) транспарентен пристап на пазарот на електрична енергија на сите учесници на пазарот на електрична енергија,

3) сигурност во снабдувањето на потрошувачите со електрична енергија преку зголемена конкуренција, на недискриминаторен и транспарентен начин.

(3) Тарифите треба да обезбедат ОПЕЕ да го оствари регулираниот максимален приход утврден со одлука на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со прописите и методологиите за формирање на тарифи за електрична енергија.

Член 2

(1) ОПЕЕ им фактурира надоместок за користење на пазарот на електрична енергија на снабдувачите и трговците за најавените трансакции за крајна потрошувачка или крајните потрошувачи за најавени трансакции за сопствени потреби кога не набавуваат електрична енергија од снабдувачи или трговци регистрирани на пазарот на електрична енергија на големо како и на операторот на електропреносниот систем и операторите на електродистрибутивните системи кога купуваат електрична енергија за покривање на загубите во соодветните системи и за сопствени потреби.

(2) Тарифата за пазар на електрична енергија со билатерални договори се пресметува за секој регулиран период како количник помеѓу регулираниот максимален приход на ОПЕЕ, одобрен од Регулаторната комисија за енергетика, и прогнозираната потрошувачка на електрична енергија во Република Северна Македонија за истиот период. Како потрошувачка на електрична енергија, покрај енергијата што ја преземаат потрошувачите, се сметаат и загубите во електропреносниот и електродистрибутивниот систем.

(3) Надоместокот за пазар на електрична енергија со билатерални договори се пресметува како производ помеѓу тарифата за пазарот на електрична енергија и најавените трансакции за крајна потрошувачка на електрична енергија и загубите на операторот на електропреносниот систем и операторите на електродистрибутивните системи во секој календарски месец.

Член 3

Со денот на влегување во сила на овој тарифен систем престанува да важи Тарифниот систем за пренос на електрична енергија и за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19 и 103/19).

Член 4

Овој тарифен систем влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Бр. 01-187/1
5 февруари 2026 година
Скопје